РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален Парк МАВРОВО
бр. 0302-116/1
23-01 20 12 год
Маврови Анови

**Република Македонија**
**Јавна Установа Национален Парк**
**МАВРОВО**
**Маврови Анови**

23.01.2012
Маврови Анови

ДО:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА Р.МАКЕДОНИЈА**

24-01
11- 513

**ПРЕДМЕТ:Барање**

Почитувани,

Јавната Установа Национален Парк Маврово врз основа на член 187 од Законот за заштита на природа (Сл.Весник на Р.М. бр.67/04,14/06,84/07,35/10,47/11,148/11) од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р.Македонија како надлежен орган бара да изврши ревалоризација на заштитеното подрачје,Национален Парк Маврово и да се отпочне постапка со цел да се изврши повторно прогласување во согласност со Законот за заштита на природа.

ПРИЛОГ:

-Студија за ревалоризација на заштитено подрачје,Национален Парк Маврово,

- Чек листа на застапени видови во Национален парк Маврово во хартиена и електронска форма,

Со почит!

Изработил:Адмир Мусаи

**ДИРЕКТОР**
**Онер Јакупоски**

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**С К О П Ј Е**

## И З В А Д О К

**од Нацрт – записникот од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.05.2013 година**

„ТОЧКА 41: Информација за потребата од повторно прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк, со Предлог – одлука за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од повторно прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк, со Предлог – одлука за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина да спроведе јавна расправа до 15 јуни 2013 година, по предлогот за повторно прогласување на Маврово за национален парк.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање по завршување на јавната расправа до 30 септември 2013 година да изработи и достави предлог - закон за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

20130811820

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 95 став (1) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012 и 13/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.5.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПОВТОРНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА МАВРОВО ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈАТА НАЦИОНАЛЕН ПАРК

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за повторно прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3268/1
28 мај 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

ДО АКТА АРХИВСКИ ЗНАК
ГОД
ПОТПИС
МАВРОВИ АНОВИ

3-4-2008
Otv 1/1

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-2741/1
01.04.2008 год.
Скопје

**До:** Јавна Установа Национален Парк "Маврово"
Маврови Анови

**Предмет: Согласност**

**Врска:** 11-7281/1

Почитувани,

Согласно доставениот допис бр. 0301-535, кој се однесува на барање за продолжување на важноста преку Елаборација на Програмата за унапредување, заштита и одгледување на шумите во Национален парк Маврово, Министерството за животна средина и просторно планирање дава согласност на приложениот Елаборат-Програма изработен од страна на Шумарски факултет-Скопје.

Имено, Јавната установа Национален парк Маврово, како управувач задолжен за вршење на работите на управување и заштита на ова заштитено подрачје, согласно Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06 и 84/07) заради остварување на заштитата, треба да донесе План за управување кој ќе ги содржи целите, мерките и активностите за заштита и унапредување на ова заштитено подрачје.

За таа цел, со оглед на обемноста на активностите кои до сега се извршувал и се предвидени да се извршуваат и во наредниот период, ве известуваме дека неопходно е во текот на 2008 година Јавната установа Национален парк Маврово да отпочне постапката за изготвување на План за управување со Национален парк Маврово.

Изготвил: Смилка Тенева
Контролирал: Сашко Јорданов
Одобрил: Васил Анастасовски

**Управа за животна средина**
**Директор**
**Миле Јакимовски**

ул. Дрезденска 52, 1000 Скопје, тел. 02/3066-930, тел/факс 02/3066-931
Е-пошта: infoeko@moe.gov.mk / Web: www.moe.gov.mk

ДО АД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

<u>С К О П Ј Е</u>

Бр. 41-[illegible]/1
Скопје, 19.11.2013 година

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија

## ИЗВАДОК

**од Нацрт – записникот од Сто шеесет и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.11.2013 година**

„ТОЧКА 6: Информација со прогрес на активности за реализација на големи проекти

Владата ја разгледа Информацијата со прогрес на активности за реализација на големи проекти, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, да ја извести Светската банка дека проектот „Луково Поле" ќе се реализира без зафатот Профел (Длабока Река).

2. Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, во втората недела на јануари 2014 година, да достави до Владата информација за прогрес на проектот „Топлификација на Битола, Могила и Новаци прва фаза", а потоа квартално да информира до крајот на 2015 година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во измените на Законот за градење да вгради одредби во смисла на тоа дека може да се издаде одобрение и да се започне со изградба на топлификациона мрежа, хидроцентрали, брани и акумулации и без решени имотно-правни односи."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
Кирил Божиновски

ДОСТАВЕНО И ДО:
-Министерство за транспорт и врски

Изготвил: [illegible]
Контролирал: [illegible]
Одобрил: [illegible]

Јавна Установа Национален Парк Маврово

02С2-11/1

0202

ТРАЕЦ

3

Врз основа на член 139 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 3/06, 84/07, и 35/10), член 44 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05, и 51/11), и член 10 од статутот на Јавната установа Национален Парк Маврово, управниот одбор на Јавната установа Национален Парк Маврово,Маврови Анови, на седницата одржана на 22 февруари 2013 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За усвоен План за управување со Националниот Парк Маврово за период 2012-2021 година**

**Член 1**

Управниот одбор ја донесе одлуката за усвојување на Планот за управување со Националниот Парк Маврово,Маврови Анови за период 2012-2021 година изработен при реализација на проектот " Заштита на животна средина,економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Националниот Парк Маврово"Маврови Анови.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување од Управниот Одбор при Ј.У.Национален Парк Маврово.

**НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО**

Број 0202-11/1
22.февруари 2013година
Маврови Анови, Маврово и Ростуша

Управен одбор
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА УПРАВЕН ОДБОР НА**
**НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО**

(Феим Авмедовски),с.п.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна установа Национален парк Маврово
Бр. 0204-352
23-7- 2009 год.
Маврови Анови

**Врз основа на член 140 од Законот за Заштита на Природа (Сл.Весник на Р.М 76/04,55/06) и член 11 став 1 точка 3 од Статутот на ЈУНП Маврово,Маврови Анови директор Онер Јакупоски на ден 23.07.2009 година ја донесе следнава :**

# ОДЛУКА

**Член 1**

Со оваа одлука се формира советодавно тело со цел стручна помош и комплетно разгледување на извештаите на експертите вклучени во проектот„Заштита на Животната Средина,економскиот развој и промоција на одржлив еко туризам во Националниот Парк Маврово".

**Член 2**

За членови во советодавното тело се именуваат:
1.Илко Лазарески-Дипломиран Шумарски Инжињер,
2.Гоце Анастасоски-Дипломиран Шумарски Инжињер,
3.Томо Ѓорѓески-Дипломиран Шумарски Инжињер,
4.Цане Петрески-Дипломиран Шумарски Инжињер,
5.Душко Веланоски-Дипломиран Шумарски Инжињер,
6.Зафкет Веапи-Дипломиран Шумарски Инжињер.

**Член 3**

Советодавното тело се формира за времетраење до целосно завршување на проектот„Заштита на Животната Средина,економскиот развој и промоција на одржлив еко туризам во Националниот Парк Маврово".

**Член 4**

Примерок од оваа одлука да се достави до сите именувани членови во Советодавното тело.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Ј.У.Национален Парк Маврово**
**Директор**
**Онер Јакупоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна установа Национален парк Маврово
Бр. 0204-358
23-7- 2009 год.
Маврови Анови

**Република Македонија**
**Јавна Установа Национален Парк**
**МАВРОВО**
**Маврови Анови**

23.07.2009
Маврови Анови

Директорот на Јавната Установа Национален Парк Маврово,Г-дин Онер Јакупоски за состанокот на Стручниот Колегиум при Ј.У.Национален Парк Маврово за ден:27.07.2009 год во 08:30 часот го предлага следниов:

ДНЕВЕН РЕД

1.Извештај за реализираните стручни теренски активности за периодот 01.07.2009 год-31.07.2009 година,
2.План за активности на терен за месец Август 2009 година,
3.Разно.

ДИРЕКТОР
Онер Јакупоски

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

# Република Македонија
# Јавна Установа Национален Парк
# МАВРОВО
# Маврови Анови

29.06.2009
Маврови Анови

## ЗАПИСНИК

**Записник составен на ден:29.06.2009 година после одржаниот состанок на членовите на Стручниот Колегиум при Ј.У.Национален Парк Маврово**

Во својот воведен збор Директорот на Ј.У.Национален Парк Маврово Г-дин Онер Јакупоски ги поздрави сите присутни на состанокот при што напомена дека на состаноците на стручниот Колегиум на наредните состаноци ќе присуствуваат сите инжињери ,ревири,економистот и правникот.

Исто така беше договорено состанок на членовите на стручниот колегиум да има секој последен понеделник месецот со почеток во 8:30 часот а дневен ред да се добива неколку дена пред одржување на состанокот.

На овој состанок присуствуваа Директорот,сите инжињери освен Зафкет Веапи и правникот.

Дневниот ред без забелешки беше усвоен.

**По првата точка извештајот на одговорниот инжињер за манипулација Стрезимир беше следен**:

-посечена елова граѓа:1300 м3
-дотурена елова граѓа : 800 м3
-извозена елова граѓа: 409 м3.

Од одговорниот инжињер за оваа манипулација беше кажано дека постои интерес за продажба на елови трупци меѓутоа нема да се продава на одложено плачање.

**За манипулација Царевец одговорниот Инжињер кажа:**

*огревно буково дрво,посечено:2600 прм,
извозено:1051 прм
*елови трупци:посечено:947 м3

Со цел поефикасно извршување на работните задачи беше побарано Неим со машината да работи во манипулација Царевец најмалку 5 дена.

Директорот го задолжи инжињер Томо Ѓорѓески да изготви унифициран месечен извештај за посечена,дотурена и извозена дрвна маса.

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

**За манипулација Леуnска 1 одговорниот инжињер кажа**:
*огревно буково дрво,посечено околу 60% од планираното за годинава,
дотурено околу 50% од планираното за годинава,
извозено околу 50% од планираното за годинава.
*букови трупци:посечено околу 50% од планираното за годинава.

Во контекст на извештајот беше објаснето дека нема проблеми околу шумските патишта во манипулација Леуnска 1 но потенцирано беше дека се губи квалитетот на техничкото дрво со тенденција да се изгуби квалитетот на огревното дрво имајќи ја предвид дрвната маса.

Инжињерот Петрески Цане предложи до крај на годинава да се изгради објект-тврда градба заеднички за манипулација Леуnска 1 и Леуnска 2 бидејќи активностите на терен се проширени кои би служеле за сместување на секачи,дотурачи и стока кои во иднина доколку манипулациите се затворат ќе ни користат за други цели.

**За манипулација Мелник одговорниот инжињер кажа:**
*букови трупци:стара залиха од 2008 година.865,50 м3
-годинава посечени:972 м3
-извозени:644 м3
-во базен:436,30 м3
-извозено:413,40 м3

Во делот на наплата се што е извозено е платено.
*елови трупци:залиха:105 м3
-извозено:47,12 м3
*буково огревно дрво:залиха:137 прм
-посечено:2321 прм
-извозено:1250 прм.

Инжињер Томо Ѓорѓески даде предлог да се издаде една интерна испратница за целата количина на дрвна маса но беше отфрлен од Директорот со напомена дека ќе се издаваат испратници за количина колку ќе се товари.

**За манипулација Леуnска 2 одговорниот инжињер кажа:**
*буково огревно дрво:платено 2000 прм
-дотурено:1278 прм
-извозено 1200 прм.

Во своето образложение за состојбата на терен инжињер Гоце Анастасоски објасни дека се работи за нискостеблеста шума која има слаб квалитет при што побара да се формира комисија за утврдување на квалитетот на дрвото.

Директорот во врска со говорот појасни дека ќе формира комисија и во најкраток рок ќе се излезе на терен.

Во врска со механизацијата Директорот појасни дека оваа година се направени ремонти на машините со цел поефикасно и поуспешно да се одвиваат работите на терен а за управување со едната машина се бара надоврешно лице кој ќе ќе поседува стручна подготовка за управување со соодветната машина.

За потребите на манипулациите беше договорено Неим во четврток од Манипулација Јама да оди за Манипулација Мелник а од понеделник да работи во Манипулација Царевец и Леуnска 2.

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

За дигалката беше постигнат следниов договор:

-Мики по потреба да работи во Манипулација Леуnска 1 и Мелник а Јорде во Понеделник,Вторник и Среда да работи во манипулација Царевец а четврток и петок во манипулација Стрезимир.

На прашање на инжињер Цане Петрески што да се превземе со отпадните дрва,Директорот одговори а воедно и побара да се задолжат сите шумари да ги продадат отпадните дрва.

Директорот во врска со синикалните дрва го задолжи правникот да изготви список на сите вработени кои ќе назначат од која манипулација ќе подигнат 10 прм огревно дрвоза свои потреби.

По второта точка Директорот појасни дека до 31.12.2009 година треба да се утврди правото на сопственост на целата територија на Р.Македонија и затоа предложи да се формираат 2 работни групи и тоа:

-Работна група за евиденција на недвижниот имот во состав:Инж.Цане Петрески,инж.Душко Велјаноски и Медат Веапи,

-Работна група за утврдување корисничко право на територија на Н.П.Маврово во состав:Правник Адмир Мусаи,инж.Томо Ѓорѓески и инж.Илко Лазарески.

Исто така сите присутни побараа да се реагира во врска со изградбата на хидроцентралата Луково Поле,односно со свое мислење да се произнесат екперти за оваа област и да се достави до Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање.

Директорот го задолжи на Инж.Томо Ѓорѓески да достави план за работа на терен.

Сите присутни беа согласни предлогот за Внатрешен ред да се одложи за во догледна иднина.

Присутни:

Илко Лазарески_______________

Гоце Анастасоски_______________

Томо Ѓорѓески_______________

Цане Петрески_______________

Душко Велјаноски_______________

Адмир Мусаи_______________

Директор:

Онер Јакупоски

_______________

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk